# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 10 Понеделник, 3 Октомври 2022 Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за донесување на Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија.........................................................................*
2. *Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор......................*
3. *Одлука за прифаќање на донација – опрема за детски парк........................................................*
4. *Решение за формирање на Комисија за доделување награди и признанија................................*
5. *Решение за давање Согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија во учебната 2022/2023 година..........................................*
6. *Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2022/2023 година................................................*
7. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2021/2022 година.......................................*
8. *Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за учебната 2022/2023 година..........................................................................*
9. *Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021/2022 година.............................................................................................*
10. *Решение за неодобрување на финансиски средства...................................................................*
11. *Решение за одобрување на финансиски средства.........................................................................*
12. *Решение за неодобрување финансиски средства.........................................................................*
13. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за донесување на Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за донесување на Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП "Попова Кула" КО Демир Капија, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/1
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 26 став 5 алинеа 5 и член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14) член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на 30.09.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова кула’’ КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова кула’’ КО Демир Капија, Општина Демир Капија, плански период 2020-2025, со површина од 6,5823 ха, изработен од АРХИКОНС ДООЕЛ Кавадарци со тех.бр.-08-03/2020 од септември 2022, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ бр.78/06 и 37/14).

Член 2

Планскиот опфат на Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова кула’’ КО Демир Капија, Општина Демир Капија, плански период 2020-2025, со површина од 6,5823 ха, изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци со тех.бр.-08-03/2020 од септември 2022, ги има следните граници:

- на североисток – осовина на Стар пат за Демир Капија
- на југоисток – осовина на улица 2 планирана со ДУП ПОПОВА КУЛА – измена Општина Демир Капија
-на југозапад – границата со намена Е1 согласно ДУП ПОПОВА КУЛА – измена Општина Демир Капија
-на северозапад – осовина на улица 1 планирана со ДУП ПОПОВА КУЛА – измена Општина Демир Капија

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2020 година бр.08-252/10 од 28.02.2020;
- Годишна програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2021 година со бр.08-985/13 од 30.12.2020;
- Годишна програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година со бр.08-836/16 од 28.12.2021;
- Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога бр.0801-207/3-18 од 23.03.2020 изработен од Гео ТОПОКАТ ДОО Подружница Неготино;
- Планска програма за Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула’’ КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.08-03/2020 од март 2020 изработена од ,,Архиконс’’ Кавадарци;
- Предлог за одобрување на планска програма 10-348/2 од 09.04.2020;

- Решение за одобрување на планска програма со бр.10-348/3 од 09.04.2020;
- Потврда за заверка на одобрена планска програма бр.10-348/4 од 09.04.2020;
- Извештај од стручно мислење за предлог план – ДУП за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија со арх.бр.10-348/5 од 13.11.2020;
- Решение за формирање на Комисија за урбанизам со бр.10-1027/1 од 26.11.2019;
- Решение за формирање комисија за урбанизам со бр.09-358/1 од 11.05.2021;
- Податоци и информации од Агенција за електронски комуникации со бр.1404-1618/2 од 12.05.2020;
- Податоци и информации од Национални енергетски ресурси;
- Известување од ГА-МА АД Скопје;
- Податоци и информации од ЕЛЕКТРОДУСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр.10-1671/1-155 од 15.05.2020;
- Податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје;
- Податоци и информации од ЈКП Бошава Демир Капија со бр. УПI09-30 од 30.08.2021;
- Податоци и информации од МЕПСО со бр.11-3607/1 од 18.05.2020;
- Податоци и информации од Дирекција за заштита и спасување со бр.09/3-50/2 од 22.05.2020;
- Податоци од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство со бр.17-1663/2 од 13.05.2020;
- Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета со бр.10-348/6 од 13.11.2020;
- Соопштение за организирање на јавна презентација и јавна анкета бр.10-348/7 од 13.11.2020;
- Решение за формирање на стручна комисија за јавна презентација и јавна анекта бр.10-348/8 од 13.11.2020;
- Известување до институции за одржување јавна презентација и јавна анкета со бр.10-348/9 од 13.11.2020;
- Позитивно мислење од Македонски телеком со бр.32474 од 20.11.2020;
- Позитивно мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр.10-1671/1-427 од 20.11.2020;
- Позитивно мислење од Агенција за цивилно воздухопловство со бр.12-8/481 од 20.11.2020;
- Позитивно мислење од Агенција за заштита и спасување од 01.12.2020;
- Позитивно мислење од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство со бр.17-1663/4 од 15.12.2020;
- Записник од одржана јавна презентација со бр.10-348/11 од 25.11.2020;
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна накета со бр.10-348/14 од 04.12.2020;
- Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр.11-59/3 од 28.01.2021;
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена со бр.УПI10-196;
- Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за прифаќање на Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за влијанието на животната средина со бр.УП1 15-1772/2021 од 10.12.2021;
- Извод од план Измена и дополна на ГУП Зона за стопанство Попова Кула – Општина Демир Капија со бр.УПI10-127 од 13.05.2022;
- Извод од план ДУП Попова Кула – измена со бр.УПI10-118 од 05.05.2022;
- Извод од план УПВНМ за индустриска зона Попова Кула со бр.УПI10-119 од 05.05.2022;
- Позитивно мислење од МЕПСО со бр.10-4948/1 од 06.09.2021;
- Позитивно мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со бр.10-55/7-372 од 27.08.2021;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-624/2 од 26.01.2021;
- Позитивно мислење од АД Водостопанство Подружница Тиквеш – Кавадарци со бр.1502-411/2 од 06.10.2021;
- Позитивно мислење од АД Водостопанство на РСМ со бр.08-2130 од 18.08.2022;
- Мислење за утврдена состојба од Агенција за катастар на недвижности со бр.0939-13055/2 од 15.09.2022;

- Заклучок од комисија за урбанизам со бр.10-189/15 од 09.09.2022;
- Заклучок од комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација со бр.10-189/17 од 09.09.2022;
- Измена на Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула'' КО Демир Капија, Општина Демир Капија, конечен план, плански период 2020-2025 со тех. бр.-08-03/2020 од септември 2022, изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул.,,Вишешница'' бр.21 Кавадарци;
- Стручна ревизија на Измена на Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула'' КО Демир Капија, Општина Демир Капија со тех.бр.0801-1/Р-04/21 од 09/2022 изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Битола со седиште на ул.,,Борис Кидрич'' бр.12/16 Битола;
- Согласност од Министерство за транспорт и врски со бр.21-1347/9 од 16.09.2022;

Член 4

За Измена на Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула'' КО Демир Капија, Општина Демир Капија, конечен план, плански период 2020-2025 со тех. бр.-08-03/2020 од септември 2022, изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул.,,Вишешница'' бр.21 Кавадарци, плански период 2020-2025, со површина од 6,5823 ха, добиена е Согласност од Министерство за транпорт и врски 21-1347/9 од 16.09.2022.

Член 5

Измена на Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула'' КО Демир Капија, Општина Демир Капија, конечен план, плански период 2020-2025 со тех. бр.-08-03/2020 од септември 2022, изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул.,,Вишешница'' бр.21 Кавадарци, плански период 2020-2025, со површина од 6,5823 ха, го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Демир Капија во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на општината, еден во Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Демир Капија, еден во Државен архив на РМ, подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, еден во Агенција за катастар и надлежности и еден примерок се изложува во просториите на Општина Демир Капија за достапност на јавноста.

Член 6

Измена на Детален урбанистички план за дел од ДУП ,,Попова Кула'' КО Демир Капија, Општина Демир Капија, конечен план, плански период 2020-2025 со тех. бр.-08-03/2020 од септември 2022, изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул.,,Вишешница'' бр.21 Кавадарци, плански период 2020-2025, со површина од 6,5823 ха, го спроведува Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Демир Капија.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Демир Капија.

Број 08 – 745/3
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор**

Се објавува Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар –

деловен простор, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/2 Градоначалник на
03.10.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 3 став 2 и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 22/21), Советот на Општина Демир Капија на 13-та седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на трајно користење на недвижна ствар – деловен простор**

**Член 1**

Со оваа одлука на Министерството за правда - Управа за водење на матични книги Скопје за работа на Подрачната канцеларија Демир Капија се дава на трајно користење без надомест, недвижна ствар - деловен простор кој се наоѓа во Демир Капија на улица 11-ти Октомври, зграда 1, намена на зграда: Б4-6, влез 1, приземје, со површина од 76 м2, на КП бр.4395/51 КО Демир Капија, запишан во Имотен лист бр.1805, сопственост на општина Демир Капија.

**Член 2**

Обврска на корисникот на деловниот простор опишан во член 1 од овој договор е редовно да ги плаќа месечните сметки за трошоците за тековното одржување (електрична енергија, вода, ѓубретарина, греење, одржување хигиена, ситни поправки и сл.).

**Член 3**

Во име на општина Демир Капија договорот за користењето на недвижната ствар-деловен простор со корисникот од член 1 ќе го потпише Градоначалникот на општина Демир Капија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/4 Претседател на Совет на
30.09.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за прифаќање на донација – опрема за детски парк**

Се објавува Одлука за прифаќање на донација – опрема за детски парк, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/3 Градоначалник на
03.10.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), а во врска со член 3 став 1 точка 1 и член 6 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За прифаќање на донација – опрема за детски парк**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Демир Капија – Локална самоуправа ја прифаќа донацијата од Државна Видеолотарија на

Република Македонија-Касинос Аустриа ДОО Скопје.

Предмет на донацијата ќе биде опрема за детски парк (детски реквизити, гумена подлога и метална ограда):

- Пирамида од челична конструкција, јажиња со сајли и алуминиумски спојки 280х280х270см
- Сет од 2 клацкалки од дрвена конструкција со гумирани седишта, метални ракохвати механизам 350х165х120см
- Лулашка од дрвена/метална конструкција со гумирани седишта 320х200х220см
- Лулашка од дрвена/метална конструкција со гумирани седишта со корпа за деца до 3 години 320х200х220см
- Детски комплекс од дрвена конструкција со 3 платформи, 2 лизгални, пожарникарска шипка, стрмен влез со јаже и камеља за качување, справа за одење со раце, јаже за качување 550х750х320см
- Гумени плочки во керамидеста црвена боја во површина од 150м2
- Метална ограда: 50м2 – висина 150см
- Информативна табла

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Демир Капија како прималел на донацијата и Државна Видеолотарија на Република Македонија-Касинос Аустриа ДОО Скопје, како давател на донацијата согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 745/5
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за доделување награди и признанија**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за доделување награди и признанија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/4
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 10 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08-124/12 од 14.10.1997 година, Советот на Општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
За формирање на Комисија за доделување награди и признанија

**Член 1**

Се формира Комисија за доделување на награди и признанија во состав:

1. **Зоран Стојанов** - Претседател
2. **Панче Лазаров** - член
3. **Елизабета Петрова** - член
4. **Андон Крстевски** - член
5. **Ефкан Усинов**- член

**Член 2**

Комисијата постапува согласно Правилникот за начинот и постапката за доделување на општински награди и признанија број 07-185/1 од 11.09.1998 година и доставува предлог одлука за доделување награди и признанија до Советот на Општина Демир Капија.

Комисијата е со мандат од 4 (четири) години.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за формирање на Комисија за

доделување награди и признанија бр.08-684/5 од 12.09.2016 година.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 745/6
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање Согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија во учебната 2022/2023 година**

Се објавува Решение за давање Согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија во учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/5
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање Согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија во учебната 2022/2023 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за формирање на групи со поголем број на деца во ЈОУДГ-Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ – Демир Капија во учебната 2022/2023 година.

**2.** Согласноста се однесува на формирање на следните групи:
- воспитна група до 2 години една (1) група, зголемување на број на деца за 3 или вкупно 15 деца;
- комбинирана група две (2) групи, деца од 1 година до поаѓање на училиште зголемување на број на деца за 5 или вкупно 25 деца;
- хетерогени групи една (1) група, деца од 2 години до поаѓање на училиште зголемување на број на деца за 5 деца или вкупно 25 деца;
- воспитна група над 4 до 5 годишна возраст една (1) една група, зголемување на број на деца за 5 или вкупно 25 деца и
- предшколска група деца од 5 до 6 годишна возраст една (1) една група број на деца 30.

**3.** Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/7
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2022/2023 година**

Се објавува Решение за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната

2022/2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/6 Градоначалник на
03.10.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) а во врска со член 53 став (6) и (7) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 и 229/2020), Советот на Општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ ВО ООУ "ДИМЧЕ А.ГАБЕРОТ" ДЕМИР КАПИЈА ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**1.** Со ова Решение се дава согласност на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија да формира паралелки со помал број на ученици за учебната 2022/2023 година и тоа:

- две паралелки во I (прво) одделение со вкупно 23 ученици,
- две паралелки во III (трето) одделение со вкупно 29 ученици,
- една паралелки во V (петто) одделение со вкупно 18 ученици,
- две паралелки во VII (седмо) одделение со вкупно 34 ученици,
- две паралелки во VIII (осмо) одделение со вкупно 30 ученици,
- две паралелки во IX (деветто) одделение со вкупно 35 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во I (прво) одделение со вкупно 6 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во II (второ) одделение со вкупно 11 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во III (трето) одделение со вкупно 9 ученици,
- една паралелка во ПУ с.Корешница во IV (четврто) одделение со вкупно 7 ученици и
- една паралелка во ПУ с.Корешница во V (петто) одделение со вкупно 14 ученици.

**2.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 745/8 Претседател на Совет на
30.09.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2021/2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2021/2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/7 Градоначалник на
03.10.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) а во врска со член 108 став (1) алинеја (2) од Законот за основното оразование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2021/2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија во учебната 2021/2022 година, усвоен од Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 24.08.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/9
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/8
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) а во врска со член 116 став 1 алинеја (2) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за учебната 2022/2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за учебната 2022/2023 година, предложена од Управниот одбор на установата на седница одржана на ден 07.09.2022 година.

2. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/10
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021/2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021/2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/9
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) а во врска со член 116 став 1 алинеја (2) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15,

27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на општина Демир Капија на XIII седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021/2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија за 2021/2022 година, предложен од Управниот одбор на установата на седницата одржана на ден 07.09.2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/11
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за неодобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за неодобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/10
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-656/1 од 19.08.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XIII-та седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За неодобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **НЕ ГО ОДОБРУВА** барањето на Здружение Спортско рекреативен риболовен клуб ВАРДАР Скопје за одобрување финансиска средства за порибување за риболовен ревир Вардар 6.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/12
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/11
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-699/1 од 02.09.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XIII-та седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **30.000,00 (триесет илјади) денари** за изградба на црква во с.Бесвица.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка 200000990434007 на Македонска православна црква - МПЦ од Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година ставка 464 990 со цел на дознака: за изградба на црква во с.Бесвица и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/13
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за неодобрување финансиски средства**

Се објавува Решение за неодобрување финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/12
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) постапувајќи по барањето бр.08-706/1 од 05.09.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XIII-та седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За неодобрување финансиски средства**

**1.** Советот на општина Демир Капија **НЕ ГО ОДОБРУВА** барањето на Здружението СПОРТСКИ КЛУБ КЛИСУРА Демир Капија за организирање на 13-ти Фестивал за спортско качување Демир Капија 2022 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/14
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.09.2022 година.

Број 09 –779/13
03.10.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-739/1 од 19.09.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XIII-та седница одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **СЛАВИЦА ВЕЛИЧКОВА** од с.Бистренци, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 360000017933403 на лицето Славица Величкова од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 745/15
30.09.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---